Врз основа на член 170 став (5) од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр.43/2012), министерот за здравство, донесе

**ПРАВИЛНИК**

**за регистрација на согласности за спонзорства и донации**

Член 1

Со овој правилник поблиску се пропишува начинот на запишување, содржината, информатичкото водење на регистарот и други прашања од значење за уредно водење на регистарот на согласности за спонзорства и донации на здравствени работници односно здравствени соработници заради учество на стручни собир и, семинари, работилници и слично, со цел дополнително оспособување и усовршување.

Член 2

Барањето за добивање согласност за спонзорство и донација на здравствените работици односно здравствените соработници заради учество на стручни собири, семинари, работилници и слично, со цел дополнително оспособување и усовршување (во натамошниот текст: барање), содржи:

1) име и презиме на примателот на спонзорството/донацијата (во натамошниот текст: примател),

2) здравствена установа во која е вработен примателот,

3) работното место на кое работи примателот,

4) име и презиме со адреса на живеење односно назив и седиште на давателот на спонзорството/донацијата,

4) назив на настанот за кој се дава спонзорството/донацијата,

5) временски период во кој се одржува настанот за кој се дава спонзорството/донацијата,

6) намена на средствата за кои се дава спонзорството/донацијата,

7) вкупна вредност во денари на спонзорството/донацијата, и

8) изјава од примателот дека дадените податоци за спонзорството/донацијата се точни.

Барањето се поднесува на двостран образец „Барање за добивање на согласност за спонзорство и донација“, во формат А-4 во бела боја, кој е даден во прилог 1, и е составен дел на овој правилник.

Точноста на податоците од барањето се потврдува од страна на примателот со потпис на барањето.

Барањето се поднесува до Министерството за здравство во два идентични примероци.

Член 3

Министерството за здравство издава согласност за спонзорство и донација врз основа на поднесеното уредно и комплетно пополнето барање од член 2 на овој правилник, во рок од три работни дена од неговото доставување до Министерството за здравство.

Согласноста за спонзорството и донацијата се издава на самиот образец на барањето.

Член 4

По издавањето на согласност за спонзорството и донацијата Министерството за здравство доставува еден примерок на примателот, а другиот примерок останува во Министерството за здравство.

Податоците од барањето за издавање согласност за спонзорство и донација по службена должност се запишуваат во регистарот на спонзорства и донации што се води од Министерството за здравство.

Член 5

Регистарот на согласности за спонзорства и донации (во натамошниот текст: регистар) се води во посебна тврдо подврзана книга според образец „Регистар на согласности за спонзорства и донации“, во формат А-4 во бела боја, кој е даден во прилог 2, и е составен дел на овој правилник. Листовите на регистарот се нумерирани.

Врз основа на податоците од поднесеното барање се врши запишување со темно сино мастило во соодветните рубрики во регистарот.

Регистарот се води и во електронска форма соодветно на начинот на водење утврден во образецот од ставот 1 на овој член.

Член 6

Врз основа на податоците од регистарот за претходната година, најдоцна до 15 јануари во тековната година, на веб страницата на Министерството за здравство се објавува годишен извештај од регистарот во кој се наведени податоци за вкупниот број на здравствените работници односно здравствени соработници кои добиле согласност за спонзорства и донации, вкупниот износ на спонзорствата и донаците, како и намените за кои се дадени спонзорствата и донациите.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Образецот за регистрација на согласноста за спонзортства и донации е во може да го превземете од интернет страната на Министерството за здравство
http://moh.gov.mk/index.php?news=1138